# СЛУ

## НА ФЕДЕРАТИВНА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба во српско, хрватско, словенечко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Жиро сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија број 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Среда, 20 февруари 1963

БЕЛГРАД

БРОЈ 7 ГОД. XIX

Цена на овој број е 80.— дин. — Претплата за 1963 година изнесува 2.300.— дин., а за странство 3.300 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќ'а бр. 1 Пошт. фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671.


**83.**

Врз основа на членот 175 став 3 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57, 44/58, 1/59, 52/59, 27/60, 53/60, 52/61 и 31/62) и членот 2 став 1 точка 4 од Уредбата за определување на сојузните матични управни органи за прашањата на стручното оспособување на кадрите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/59 и 8/60), во согласност со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за сојузен буџет и општа управа, сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНАТА СПРЕМА НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за стручната спрема на службениците на органите на внатрешните работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/60) во членот 5 став 1 по зборовите: „потпоручник на Народната милиција," се додаваат зборовите: „поручник на Народната милиција,".

Член 2

Во членот 7 по точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

„3) за чин поручник на Народната милиција — лице со завршена виша или на неа рамна школа и со завршено училиште за резервни офицери односно со чин на резервен офицер;".

Досегашната точка 3 станува точка 4.

Се додава нов став 2, кој гласи:

„За приправници за звањата и чиновите од ставот 1 точ. 2, 3 и 4 на овој член можат да се назначуваат и лица што немаат завршено училиште за резервни офицери односно што немаат чин на резервен офицер, со тоа што при полагањето на стручниот испит ќе ги полагаат и со градивото предвидените предмети на воената настава."

Член 3

Во членот 11 став 2 по зборовите: „казнено-поправни установи" се додаваат зборовите: „или на приправнички курс за милиционери".

Член 4

Во членот 12 став 1 по зборот: „потпоручник" се става запирка а зборот: „или" се заменува со зборот: „поручник и".

Член 5

Во членот 28 став 2 точката 1 се менува и гласи:

„1) топографија;".

Член 6

Во членот 29 ст. 1 и 2 по зборовите: „за чинот" се додаваат зборовите: „поручник и".

Член 7

Во називот на одделот 1 од главата VII зборот: „мајор" се заменува со зборот: „потпоручник".

Член 8

По одделот 1 од главата VII се додава нов член 55а, кој гласи:

„Градивото за програмата на посебниот испит за унапредување во чин потпоручник на Народната милиција опфаќа:

1) државно и политичко уредување на Југославија;

2) Закон за органите на внатрешните работи и организациони прописи на органите на внатрешните работи;

3) основи на управното право (општ и посебен дел);

4) основи на кривичното право и кривичната постапка;

5) основи на криминалистиката — тактиката, методиката и техниката;

6) основи на службата за безбедност;

7) правила за вршење на службата на Народната милиција;

8) топографија;

9) настава на гаѓање со наоружување и со теорија на гаѓањето;

10) тактика — борбена употреба на стрелачки вод;

11) строево правило;

12) основи на меѓународното јавно право."

Член 9

Во членот 56 зборовите: „во чин мајор на Народната милиција и" се бришат.

Член 10

Во членот 58 став 1 зборот: „мајор" се заменува со зборот: „потпоручник".

Член 11

Во членот 59 став 1 зборот: „мајор" се заменува со зборот: „потпоручник".

Член 12

Во членот 60 зборот: „мајор" се заменува со зборот: „потпоручник".

Член 13

Во членот 61 став 1 зборот: „мајор" се заменува со зборот: „потпоручник".

Член 14

Називот на одделот 2 од главата VII се брише.

Член 15

Во членот 62 зборовите: „Член 62" се бришат.

Член 16

Во називот на одделот 3 од главата VII, кој станува оддел 2, зборот: „други" се брише.

Член 17

Одредбата на досегашниот член 62 станува став 2 на членот 63, а ст. 2 до 5 на членот 63 стануваат ст. 3 до 6.

Член 18

Во членот 67 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Службениците што се наоѓаат во завршниот платен разред на звањето извршен пристав односно звањето технички пристав, а не завршиле средно училиште или средно стручно училиште за внатре-

шни работи при републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи, полагаат посебен испит за признавање средна стручна спрема независно од условите за здобивање со стручна спрема од повисок степен од членот 177 на Законот за јавните службеници и одредбите од овој правилник.

На службениците од ставот 2 на овој член што ќе положат посебен испит за признавање средна стручна спрема им се признава овој испит само во извршната односно техничката служба на органите на внатрешните работи."

Член 19

Во членот 90 ставот 3 се менува и гласи:

„На службениците што го завршиле стручното училиште за внатрешни работи при републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи односно Вишата управна школа за внатрешни работи или Виша школа за цивилна заштита, им се признава завршниот испит во овие школи како положен стручен испит за звањето пристав односно за звањето референт од втора група, ако пред упатувањето во училиште имале најмалку пет години служба во органите на внатрешните работи."

Во ставот 6 на крајот на точката 3 точката се заменува со точка и запирка и по неа се додава нова точка 4, која гласи:

„4) положен завршен испит на курсевите за службениците на противавионската заштита (цивилна заштита) што траеле најмалку шест месеци."

Член 20

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 341/1
13 февруари 1963 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
**Светислав Стефановиќ**, с. р.

---

**84.**

Врз основа на членот 29 став 2 од Уредбата за општествените инвестициони фондови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/56, 6/57 и 12/60), во врска со точката 1 од Одлуката за прегледот на завршните сметки на државните органи, самостојните установи и фондовите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 11/62), сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите пропишува

## УПАТСТВО
## ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ИНВЕСТИЦИОНИ ФОНДОВИ

### I. Општи одредби

1. За секој општествен инвестиционен фонд се составува за секоја година завршна сметка според состојбата на 31 декември.

2. Завршната сметка на општествените инвестициони фондови ја составуваат деловните банки на кои им е доверено ракување со средствата од овие фондови, и тоа: републичката банка — за републичкиот инвестиционен фонд, банката на автономната единица — за покраинскиот односно областниот инвестиционен фонд и комуналната банка — за околискиот, градскиот односно општинскиот инвестиционен фонд.

3. Завршната сметка на општествените инвестициони фондови ја составуваат деловните банки од точката 2 на ова упатство врз основа на податоците за средствата на фондот што ги добиваат од филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство преку која се врши платниот промет на средствата на фондот и врз основа на податоците од своите евиденции за користењето на средствата на фондот.

4. Завршната сметка на општествените инвестициони фондови се составува на обрасците ЗСИФ-1, ЗСИФ-2 и ЗСИФ-3, што се напечатени кон ова упатство и негов се составен дел, а на начинот што е предвиден со ова упатство.

5. Банката што ја составува завршната сметка на општествениот инвестиционен фонд кон завршната сметка дава и извештај за работењето на фондот.

6. Нацртот на завршната сметка на општествениот инвестиционен фонд со извештајот за неговото работење банката му го доставува на надлежниот орган од членот 30 став 1 на Уредбата за општествените инвестициони фондови до 30 април на годината што доаѓа по годината за која се составува завршната сметка.

Банката го доставува нацртот на завршната сметка на општествениот инвестиционен фонд и до надлежната организациона единица на Службата на општественото книговодство заради збирна обработка на завршните сметки.

7. Органот на управата од точката 6 став 1 на ова упатство ѝ ја доставува одобрената завршна сметка на општествениот инвестиционен фонд во рок од 10 дена од денот на даденото одобрение на надлежната организациона единица на Службата на општественото книговодство заради преглед во смисла на членот 46 од Законот за општественото книговодство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/62).

### II. Посебни одредби

8. Завршната сметка на општествениот инвестиционен фонд се состои од:

1) биланс на општествениот инвестиционен фонд ——— со состојбата на 31 декември 196— година, кој се составува на образецот ЗСИФ-1;

2) преглед на извршувањето на планот на приходите и потрошокот на средствата за 196— година на општествениот инвестиционен фонд ———, кој се составува на образецот ЗСИФ-2;

3) преглед на расположивите средства за инвестиции од општествениот инвестиционен фонд ——— со состојбата на 31 декември 196— година, кој се составува на образецот ЗСИФ-3;

4) извештај за работењето на фондот во годината за која се составува завршната сметка.

9. Билансот на општествениот инвестиционен фонд содржи податоци:

а) за средствата на фондот, и тоа:

1) за состојбата на пренесените средства на фондот, и тоа посебно за пренесените средства што ги добил фондот во поранешните години по пат на кредити;

2) за приходите на средствата на фондот во текуштата година (изворни приходи, дотации, примени кредити, вратени орочени средства и други приходи);

3) за непосредните расходи на фондот, со тоа што посебно да се искажуваат дадените отплати по примените кредити, другите расходи и пренесените средства по кредитите пренесени во други фондови;

4) за издвојувањето на средствата на фондот (задолжителна резерва и орочени средства);

5) за вкупните средства на фондот, со тоа што посебно да се искажуваат сопствените средства на фондот, средствата од примените кредити, средствата на сметката на задолжителните резерви и орочените средства;

б) за потрошокот на средствата на фондот, при што се обезбедуваат податоци за кредитите во користење, кредитите во отплата и за стасаните обврски по кредитите.

За секој од овие видови кредити билансот на фондот содржи податоци за потрошокот за основни и за обртни средства, и тоа состојба на почетокот на годината, износ на кредитите пренесени во отплата, износ на искористените кредити во текот на годината, и износ на отплатите, како и износ на отпишаните кредити односно износ на извршеното финансирање од фондот без обврска за враќање.

Билансот на фондот ја искажува и вкупната состојба на кредитите и износ на непотрошените средства. Во износот на непотрошените средства посебно се искажуваат редовните и наменските средства, задолжителната резерва на фондот и орочените средства на фондот.

10. Прегледот на извршувањето на планот на приходите и потрошокот на средствата содржи податоци:

а) за приходите на фондот, и тоа:

1) за непотрошените средства пренесени од претходната година;

2) за изворните приходи — според видовите;

3) за дотациите и наменските кредити што ги добил фондот во текот на годината;

4) за дотациите и кредитите што ги добил фондот во текот на годината без определена намена;

5) за вратените орочени средства;

6) за отплатите и другите ослободени средства на фондот;

7) за вкупните средства на фондот во текуштата година;

8) за издвоените средства (задолжителни резерви и орочени средства);

9) за остатокот на средствата за потрошок во текуштата година, со тоа што посебно да се искажуваат средствата слободни за трошење, а посебно средствата со ограничена употреба;

б) за потрошокот на средствата и тоа:

1) за непосредните расходи (пренесувања и дотации, отплати на кредитите добиени од фондовите на стопанските и други организации, интерес на средствата на општествените инвестициони фондови во отплата, интерес по примените кредити, враќање на приходите од поранешните години, надоместок на провизијата на делозните банки и други расходи);

2) за потрошокот со давањето на кредити за учества, пречекорувања и гарантни износи;

3) за потрошокот со давање на кредити за инвестиции во основни средства;

4) за потрошокот со давање на кредити за обртни средства, со тоа што кај потрошокот по кредити да се искажува посебно потрошокот од редовните средства, а посебно од наменските средства;

5) за другиот потрошок;

6) за непотрошените средства.

11. Прегледот на расположивите средства за инвестиции содржи податоци:

а) за средствата на фондот, и тоа:

1) за пренесените непотрошени средства (средства без намена, наменски средства, средства со ограничена употреба и задолжителни резерви);

2) за приходите во текуштата година според категориите (без намена и со определена намена);

3) за пресметката на задолжителната резерва и на средствата со ограничена употреба;

4) за обврските на фондот пред распоредот на средствата и за средствата што се распоредуваат на средства за вложувања во основни средства и на средства за вложувања во обртни средства;

б) за потрошокот на средствата, и тоа:

1) за потрошокот за основни средства;

2) за потрошокот за обртни средства;

3) за потрошокот од наменски средства;

4) за потрошокот од средствата со ограничена употреба;

5) за пресметката на непотрошените средства.

12. Кон пополнетите обрасци од точката 4 на ова упатство се приложуваат: пописи на кредитите, попис на средствата на фондот, и тоа на обрасците што ги пропишува Службата на општественото книговодство при Главната централа на Народната банка.

13. Извештајот за работењето на фондот треба особено да содржи податоци за објаснување на остварените приходи и извршените расходи на фондот предвидени со планот, покрај тоа, извештајот треба да ги истакне резултатите на финансирањето на инвестициите од фондот, односно дејството на тоа финансирање врз стопанската активност на подрачјето за чиј фонд се составува завршната сметка. Извештајот треба да ги прикаже и условите под кои работел фондот, обврските на фондот по одобрените а неискористените кредити, побарувањата на фондот по основот на ненаплатените стасани ануитети и преземените мерки да се наплатат тие, обврските на фондот по основот на примените кредити, како и други податоци за прашањата што биле суштествени за работењето на фондот.

14. Збирните податоци од завршните сметки на општествените инвестициони фондови ќе се состават врз основа на пополнетите обрасци од точката 4 на ова упатство.

15. Збирните податоци од завршните сметки на општинските инвестициони фондови од подрачјето на околијата ги составува филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство кај која се водат средствата на околискиот инвестиционен фонд.

16. Збирните податоци од завршните сметки на општествените околиски и општински инвестициони фондови од територијата на народната република ги составува Службата на општественото книговодство при републичката централа на Народната банка, а за подрачјата на Автономна Косовско-Метохиска Област и Автономна Покраина Војводина збирните податоци од завршните сметки на околиските и општинските општествени инвестициони фондови ги составува надлежната организациона единица на Службата на општественото книговодство во седиштето на автономната единица.

17. Збирните податоци од завршните сметки на општествените инвестициони фондови за целата територија на Југославија ги составува Службата на општественото книговодство при Главната централа на Народната банка.

18. Технички упатства за составување на завршната сметка на општествените инвестициони фондови издава Службата на општественото книговодство при Главната централа на Народната банка.

19. Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за изработка на завршните сметки на општествените инвестициони фондови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/59).

20. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува и при изработката на завршната сметка на општествените инвестициони фондови за 1962 година.

Бр. 2-1029/1
10 јануари 1963 година
Белград

Државен секретар
за работите на финансиите,
**Киро Глигоров**, с. р.

**ЗСИФ-1**
(формат 210 × 297 mm)

_____
(банка)

**БИЛАНС**
**НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД _____**
**СО СОСТОЈБАТА НА 31 ДЕКЕМВРИ 196— ГОД.**
(во апсолутни износи)

| Реден број | ОПИС | Износ |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| | **I. СРЕДСТВА НА ФОНДОТ** | |
| | Состојба на пренесените средства на фондот: | |
| 1 | Пренесени сопствени средства на фондот | |
| 2 | Пренесени средства од примени кредити | |
| 3 | **Вкупно (1+2)** | |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| | Приходи на средствата на фондот во текуштата година: | |
| 4 | Изворни приходи | |
| 5 | Дотации | |
| 6 | Примени кредити | |
| 7 | Вратени орочени средства | |
| 8 | Други приходи | |
| 9 | **Вкупно** (4 до 8) | |
| 10 | **Вкупни средства** (3+9) | |
| | Непосредни расходи на фондот: | |
| 11 | Отплати по примените кредити | |
| 12 | Други расходи | |
| 13 | Пренесени средства по кредитите пренесени во други фондови | |
| 14 | **Вкупно** (11+12+13) | |
| | Издвојување на средствата на фондот: | |
| 15 | Издвоени средства на задолжителната резерва | |
| 16 | Преноси на орочените средства | |
| 17 | Вкупно (15+16) | |
| 18 | **Вкупно намалување на средствата на фондот** (14+17) | |
| | Состојба на средствата на сметката на фондот: | |
| 19 | Состојба на сопствените средства (1+4+ +5+7+8) — (12+13+15+16) | |
| 20 | Состојба на средствата од примените кредити (2+6—11) | |
| 21 | **Вкупно** (19+20) = (10—18) | |
| | Издвоени средства на фондот на посебни сметки: | |
| 22 | Средства на сметката на задолжителната резерва (15) | |
| 23 | Средства на сметката на орочените средства (16) | |
| 24 | **Вкупно** (22+23) | |
| 25 | **Вкупни средства на фондот** (21+24) | |

## II. ПОТРОШОК НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| | Кредити во користење за основни средства: | |
| 26 | Состојба на кредитите на почетокот на годината | |
| 27 | Искористено во текуштата година | |
| 28 | Ставено во отплата во текуштата година и други одобрувања | |
| 29 | Отпишано финансирање | |
| 30 | Состојба на кредитите во користење за основни средства (26+27) — (28+29) | |
| | Кредити во користење за обртни средства: | |
| 31 | Состојба на почетокот на годината | |
| 32 | Искористено во текуштата година | |
| 33 | Ставено во отплата во текуштата година и други одобрувања | |
| 34 | Отпишано финансирање | |
| 35 | Состојба на кредитите во користењето за обртни средства (31+32) — (33+34) | |
| | Кредити за учества, пречекорувања и гарантни износи: | |
| 36 | Состојба на почетокот на годината | |
| 37 | Искористено во текуштата година | |
| 38 | Ставено во отплата во текуштата година и други одобрувања | |
| 29 | Состојба на кредитите за учества, пречекорувања и гарантни износи (36+37—38) | |
| | Позајмици (кредити за повремени обртни средства): | |
| 40 | Состојба на почетокот на годината | |
| 41 | Искористено во текуштата година | |
| 42 | Отплати | |
| 43 | Состојба на позајмиците (кредити за повремени обртни средства) 40+41—42) | |
| 44 | **Вкупно состојба на кредитите во користење** (30+35+39+43) | |
| | Кредити во отплата за основни средства: | |
| 45 | Состојба на почетокот на годината | |
| 46 | Ставено во отплата во текуштата година и други задолжувања | |
| 47 | Распоредени отплати и други одобрувања | |
| 48 | Состојба на кредитите во отплата за основни средства (45+46—47) | |
| | Кредити во отплата за обртни средства: | |
| 49 | Состојба на почетокот на годината | |
| 50 | Ставено во отплата во текуштата година и други задолжувања | |
| 51 | Распоредени отплати и други одобрувања | |
| 52 | Состојба на кредитите во отплата за обртни средства (49+50—51) | |
| 53 | **Вкупно состојба на кредитите во отплата** (48+52) | |
| | Стасани обврски по кредитите за основни средства: | |
| 54 | Состојба на почетокот на годината | |
| 55 | Распоредени ануитети и други задолжувања | |
| 56 | Уплатени ануитети и други одобрувања | |
| 57 | Состојба на стасаните обврски по кредитите за основни средства (54+55—56) | |
| | Стасани обврски по кредитите за обртни средства: | |
| 58 | Состојба на почетокот на годината | |
| 59 | Распоредени ануитети и други задолжувања | |
| 60 | Уплатени ануитети и други одобрувања | |
| 61 | Состојба на стасаните обврски по кредитите за обртни средства (58+59—60) | |
| 62 | **Вкупно состојба на стасаните обврски по кредитите** (57+61) | |
| 63 | **Вкупно состојба на кредитите** (44+53+62) | |
| | Непотрошени средства на фондот: | |
| 64 | Редовни и наменски средства (21—63) | |
| 65 | Средства на задолжителната резерва (22) | |
| 66 | Орочени средства (23) | |
| 67 | **Вкупно непотрошени средства на фондот** (25—63) = (64+65+66) | |
| 68 | **Вкупно состојба на средствата на фондот** (63+67) | |

Датум _____

Место _____

_____

(Штембил и потписи)

**ЗСИФ-2**
(формат 210 × 297 mm)

_____
(банка)

## ПРЕГЛЕД

НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПЛАНОТ НА ПРИХОДИТЕ И ПОТРОШОКОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА 196— ГОДИНА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД _____

(во апсолутни износи)

| Реден број | ОПИС | План | Извршување на планот |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | I. ПРИХОДИ | | |
| 1 | **Пренесени непотрошени средства од претходната година** | | |
| | Изворни приходи: | | |
| 2 | Придонес за општествените инвестициони фондови | | |
| 3 | Придонес од доходот на комуналните и други стопански организации | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 4 | Руднички придонес | | |
| 5 | Интерес на деловниот фонд на комуналните и други стопански организации | | |
| 6 | Разлика во цената на електричната енергија (наменски) | | |
| 7 | Интерес на кредитите во користење | | |
| 8 | Интерес од уплатените ануитети по кредитите дадени од фондот | | |
| 9 | Интерес од уплатените ануитети по кредитите пренесени од Општиот инвестиционен фонд | | |
| 10 | Надоместок за неискористени земјоделски земјишта | | |
| 11 | Приходи од продажба на основните средства на ликвидираните стопански претпријатија | | |
| 12 | Разлика во цената според членот 34 од Законот за пазарната инспекција | | |
| 13 | Придонес од прометот на жито | | |
| 14 | Приходи од такси на имот | | |
| 15 | Интерес од средствата на фондот вложени кај деловната банка со отказен рок | | |
| 16 | Други изворни приходи | | |
| 17 | **Вкупно** (2 до 16) | | |
| | Дотации и кредити со определени намени: | | |
| 18 | Дотации од општествените фондови | | |
| 19 | Дотации од буџетот | | |
| 20 | Дотации од фондовите на стопанските и други организации | | |
| 21 | Противвредност на странските средства за плаќање од туризмот | | |
| 22 | Кредити од средствата на општествените фондови | | |
| 23 | Кредити од средствата на стопанските и други организации | | |
| 24 | **Вкупно** (18 до 23) | | |
| | Дотации и кредити без определена намена: | | |
| 25 | Дотации од општествените фондови | | |
| 26 | Дотации од буџетот | | |
| 27 | Дотации од фондовите на стопанските и други организации | | |
| 28 | Кредити од средствата на општествените фондови | | |
| 29 | Кредити од средствата на стопанските и други организации | | |
| 30 | Други приходи | | |
| 31 | **Вкупно** (25 до 30) | | |
| 32 | **Вратени орочени средства** | | |
| | Отплати и други ослободени средства: | | |
| 33 | Отплати по кредитите од фондот | | |
| 34 | Отплати од ануитетите по кредитите пренесени од Општиот инвестиционен фонд | | |
| 35 | Други ослободени средства на фондот | | |
| 36 | **Вкупно** (33 до 35) | | |
| 37 | Вкупно приходи во текуштата година (17+24+31+32+36) | | |
| 38 | **Вкупни средства во текуштата година** (1+37) | | |
| 39 | Задолжителни резерви | | |
| 40 | Орочени средства | | |
| 41 | **Вкупно издвоени средства во текот на годината** (39+40) | | |
| 42 | Слободни средства | | |
| 43 | Средства со ограничена употреба (ЗСИФ-3 ред. бр. 35) | | |
| 44 | **Вкупно остаток на средствата за потрошок во текуштата година** (38—41) = (42+43) | | |

## II. ПОТРОШОК

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | Непосредни расходи на фондот: | | |
| 45 | Дотации и пренесувања во други фондови | | |
| 46 | Отплати на кредитите добиени од општествените фондови | | |
| 47 | Отплати на кредитите добиени од фондовите на стопанските и други организации | | |
| 48 | Интерес на средствата на општествените инвестициони фондови | | |
| 49 | Интерес по примените кредити | | |
| 50 | Враќање на приходите од поранешните години | | |
| 51 | Надоместок на провизијата на деловните банки | | |
| 52 | Други расходи | | |
| 53 | **Вкупно** (45 до 52) | | |
| | Потрошок за инвестиции во основни средства: | | |
| 54 | По кредитите од редовните средства | | |
| 55 | По кредитите од наменските средства | | |
| 56 | По кредитите за инвестиции во стопански неразвиените подрачја | | |
| 57 | По финансирањето без обврска за враќање | | |
| 58 | **Вкупно** (54 до 57) | | |
| | Потрошок за учества, пречекорувања и гарантни износи: | | |
| 59 | По кредитите од редовните средства | | |
| 60 | По кредитите од наменските средства | | |
| 61 | **Вкупно** (59+60) | | |
| | Потрошок за инвестициите во обртни средства: | | |
| 62 | По кредитите од редовните средства | | |
| 63 | По кредитите од наменските средства | | |
| 64 | По кредитите од средствата со ограничена употреба (ЗСИФ-3 ред бр. 70) | | |
| 65 | **Вкупно** (62 до 64) | | |
| | Друг потрошок: | | |
| 66 | Над кредитот во отплата за основни средства | | |
| 67 | Над кредитот во отплата за обртни средства | | |
| 68 | Над стасаните обврски за основни средства | | |
| 69 | Над стасаните обврски за обртни средства | | |
| 70 | По привремените позајмици (повремени обртни средства (ЗСИФ-3 ред. бр. 69) | | |
| 71 | **Вкупно** (66 до 70) | | |
| 72 | **Вкупен потрошок во текот на годината** (53+58+61+65+71) = (73+74+75) | | |
| 73 | Потрошок од редовните средства (45+46+47+49+50+52+54+57+59+62+66+67+68+69) | | |
| 74 | Потрошок од наменските средства (55+60+63) | | |
| 75 | Потрошок од средствата со ограничена употреба (48+51+64+70+56) | | |
| 76 | **Непотрошени средства** (44—72) | | |
| 77 | **Вкупни средства** (72+76) | | |

Датум _____

Место _____

(штембил и потписи)

**ЗСИФ-3**

(формат 210×297 mm)

_____

(банка)

П Р Е Г Л Е Д

НА РАСПОЛОЖИВИТЕ СРЕДСТВА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ОД ОПШТЕСТВЕНИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД _____

СО СОСТОЈБАТА НА 31 ДЕКЕМВРИ 196— ГОД.

(во апсолутни износи)

| Реден број | ОПИС | Износ |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| | I. СРЕДСТВА | |
| | Пренесени непотрошени средства без намена: | |
| 1 | За основни средства (ЗСИФ-3 1961 год. ред. бр. 29) | |
| 2 | За учества, пречекорувања и гарантни износи по кредитите од Општиот инвестиционен фонд | |
| 3 | За обртни средства (ЗСИФ-3 1961 год. ред. бр. 30) | |
| 4 | За гарантни износи, учества и пречекорувања | |
| 5 | **Вкупно** (1 до 4) | |
| | Пренесени непотрошени средства со определена намена: | |
| 6 | Разлика во цената на електричната енергија | |
| 7 | Средства за унапредување на туризмот | |
| 8 | Средства од дотации и кредити | |
| 9 | **Вкупно** (6 до 8) | |
| | Пренесени средства со ограничена употреба и задолжителни резерви: | |
| 10 | Дел за електрична енергија | |
| 11 | Дел за унапредување на туризмот | |
| 12 | Други средства | |
| 13 | Вкупно (10 до 12) | |
| 14 | **Вкупно пренесени непотрошени средства од изминатата година** (5+9+13) | _____ |
| | Приходи во текуштата година без намена: | |
| 15 | Изворни приходи (без електрична енергија и интерес од ануитетите по кредитите од Општиот инвестиционен фонд) | |
| 16 | Дотации и кредити без намена | |
| 17 | Отплати и други ослободени средства (без отплати по кредитите од Општиот инвестиционен фонд) | |
| 18 | Ануитети по кредитите пренесени од Општиот инвестиционен фонд | |
| 19 | Вратени орочени средства | |
| 20 | Вкупно (15 до 19) | |
| | Приходи во текуштата година со определена намена: | |
| 21 | Разлика во цената на електричната енергија | |
| 22 | Средства за унапредување на туризмот | |
| 23 | Средства од дотации и кредити | |
| 24 | Вкупно (21 до 23) | |
| 25 | **Вкупно приходи во текуштата година** (20+24) | _____ |
| 26 | **Вкупни средства на фондот во текуштата година** (14+25) | _____ |
| | Задолжителна резерва од текуштата година: | |
| 27 | На приходите од разликата во цената на електричната енергија | |
| 28 | На средствата за унапредување на туризмот | |
| 29 | На интересот од ануитетот по кредитите од Општиот инвестиционен фонд | |
| 30 | На приходите чија употреба не е ограничена | |
| 31 | На приходите чија употреба е ограничена | |
| 32 | Вкупно (27 до 31) | |
| | Приходи од текуштата година чија употреба е ограничена: | |
| 33 | Приходи од разликата во цената на електричната енергија (намалени за дел од задолжителната резерва) | |
| 34 | Други приходи на фондот чија употреба е ограничена (намалени за дел од задолжителната резерва и дел на непосредните расходи што го товарат текуштиот прилив) | |
| 35 | Вкупно (33+34) | |
| 36 | **Вкупна пресметка на задолжителната резерва и на средствата со ограничена употреба** (32+35) | _____ |
| 37 | **Средства за потрошок за инвестиции во текот на година** (26—36) | _____ |
| | Обврски пред распоредот на средствата: | |
| 38 | Непосредни расходи на фондот (ЗСИФ-2 ред. бр. 53) | |
| 39 | Средства што не се распоредуваат (1+3+4+9+10+11+19+20+23) — 28 (ако е 1 негативен, во пресметката се зема со негативна состојба) | |
| 40 | Потрошок по кредитите за учества, пречекорувања и гарантни износи по кредитите од Општиот инвестиционен фонд од редовните средства | |
| 41 | **Вкупно** (38 до 40) | _____ |
| | Средства за распоредување во текот на годината: | |
| 42 | За основни средства (65% од ред. бр. 44) | |
| 43 | За обртни средства (35% од ред. бр. 44) | |
| 44 | Вкупно (42+43) = (37—41) | _____ |
| | II. ПОТРОШОК НА СРЕДСТВАТА | |
| | Расположиви средства за основни средства: | |
| 45 | Вкупни средства — 1+4+19+42 — (ако е 1 негативен, во пресметката се зема со негативна состојба) | |
| 46 | Издвоени средства во текот на годината на сметката на орочените средства (ЗСИФ-2 ред. бр 40) | |
| 47 | Остаток за потрошок (45—46) | |
| | Потрошок на средствата за основни средства: | |
| 48 | По кредитите во користење | |
| 49 | По кредитите во отплата и стасани обврски | |
| 50 | Вкупно (48+49) | |
| 51 | **Непотрошени средства** (47—50) | _____ |
| 52 | **Повеќе потрошено** (50—47) | _____ |
| | Расположиви средства за обртни средства: | |
| 53 | Расположиви средства (3+43) | |
| | Потрошок на средствата за обртни средства: | |
| 54 | По кредитите во користење | |
| 55 | По кредитите во отплата и стасани обврски | |
| 56 | Вкупно (54+55) | |
| 57 | **Непотрошени средства** (53—56) | _____ |
| 58 | **Повеќе потрошени средства** (56—53) | _____ |
| | Расположиви средства од наменските средства: | |
| 59 | Расположиви средства за дистрибуција на електричната мрежа (6+10) | |
| 60 | Расположиви средства за унапредување на туризмот (7+11+22) — 28 | |
| 61 | Средства од дотации и кредити (8+23) намалени за задолжителната резерва на дотациите | |
| 62 | Вкупно (59 до 61) | |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| | Потрошок на средствата од наменските средства: | |
| 63 | Потрошок за дистрибуција на електричната мрежа | |
| 64 | Потрошок за унапредување на туризмот | |
| 65 | Потрошок од средствата на дотации и кредити со намена | |
| 66 | Вкупно (63 до 65) | |
| 67 | **Непотрошени средства** (62—66) | |
| | Средства со ограничена употреба: | |
| 68 | Расположиви средства (35) | |
| | Потрошок од средствата со ограничена употреба: | |
| 69 | Потрошок по краткорочните позајмици | |
| 70 | Повеќе потрошено по кредитите за обртни средства (58) | |
| 71 | Вкупно (69+70) | |
| 72 | **Непотрошени средства** (68—71) | |
| 73 | **Повеќе потрошени средства** (71—68) | |
| | Пресметка на непотрошените средства: | |
| | За основни средства: | |
| 74 | Непотрошени средства (ред. бр. 51 односно 52) (+ —) | |
| 75 | Повеќе потрошено за обртни средства (73) | |
| 76 | Вкупно (74—75) | |
| 77 | За обртни средства (57) | |
| | Наменски средства: | |
| 78 | За дистрибуција на електричната мрежа (59—63) | |
| 79 | За унапредување на туризмот (60—64) | |
| 80 | Други средства од дотации и кредити (61—65) | |
| 81 | Вкупно (78 до 80) | |
| | Средства со ограничена употреба: | |
| 82 | Разлика во цената на електричната енергија (33) | |
| 83 | Други средства со ограничена употреба | |
| 84 | Вкупно | |
| | Средства на задолжителните резерви: | |
| 85 | Разлики во цената на електричната енергија (27) | |
| 86 | Средства за унапредување на туризмот (28) | |
| 87 | Други средства (32—/27+28/) | |
| 88 | Вкупно (85 до 87) | |
| 89 | **Вкупна пресметка на непотрошените средства** (76+77+81+84+88) | |

Датум _____

Место _____

(Штембил и потписи)

**85.**

Врз основа на точ. 5 и 6 од Одлуката за давање регрес за продадените и испорачани количини на огревни материјали за потребите на широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62), во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите, Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за трговија и туризам издава

## НАРЕДБА

### ЗА ПРИМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ЗА ПРОДАДЕНИТЕ И ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ НА ОГРЕВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ШИРОКАТА ПОТРОШУВАЧКА

1. Трговските стопански организации и другите стопански организации што се занимаваат со продажба на лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен (во понатамошниот текст: корисникот на регресот) го остваруваат регресот од точката 1 на Одлуката за давање регрес за продадените и испорачани количини на огревни материјали за потребите на широката потрошувачка (во понатамошниот текст: Одлуката) на начинот определен со оваа наредба.

2. Како продажба на лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен за потребите на широката потрошувачка во смисла на точката 1 од Одлуката се смета продажбата и испораката на овие производи на следните потрошувачи: домаќинства, згради под општествено управување, студентски и ученички домови и интернати, студентски и ученички ресторани и мензи, работничко-службенички ресторани и мензи основани од страна на стопански организации и установи и домови на социјалните грижи (домови на глувонемите, слепите, старците и старичките, детски јасли и обдништа, домови за воспитување на напуштените деца, работнички прифатилишта и сл.).

3. Куќните совети можат за станбените згради под општествено управување да купуваат со попуст лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен за потребите на централно греење на станбените згради само во количината потребна за затоплување на станбените простории. Како станбени простории се сметаат и просториите на сервисите на станбените заедници што вршат услуги претежно на граѓани и домаќинства.

При купувањето на лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен за станбени згради во кои покрај станбени се наоѓаат и деловни простории, куќните совети се должни на претпријатието кај кое се снабдуваат со јаглен да му дадат писмена изјава, од која ќе се види односот помеѓу површината на станбените и површината на деловните простории изразен во квадратни метра и во процент. Куќниот совет има право да го користи попустот само за количините на јаглен што му одговараат на процентот утврден за станбени простории.

При утврдувањето на односот од ставот 2 на оваа точка, не се земаат предвид просториите кои според својата намена не се затоплуваат.

4. Како цена од точката 1 став 2 на Одлуката, што служи како основица за пресметување на регресот се подразбира цената што ѓо содржи износот според фактурата на добавувачот, трошоците за превоз и другите зависни трошоци во транспортот до најблиската станица на корисникот на регресот, трошоците за истоварување и превоз од истоварната станица до складот на корисникот на регресот и маржа во височина на разликата во цената што ја засметал корисникот на регресот во прометот на мало на лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен во декември 1961 година.

Ако корисникот на регресот не го превезува јагленот од истоварната станица до својот склад туку непосредно до потрошувачот, има право во цената од ставот 1 на оваа точка наместо трошоците што би ги засметал за превозот од истоварната станица до складот да ги засмета просечните трошоци за превоз од истоварната станица до потрошувачот.

Одредбите од оваа точка не се применуваат кога е определена продажната цена односно начинот за формирање на продажната цена на лигнитот, мркиот јаглен и брикетот од мрк јаглен.

5. Корисникот на регресот го остварува регресот од точката 1 на Одлуката со поднесување на барање за регрес до филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство кај која има жиросметка.

Кон барањето за регрес корисникот на регресот приложува:

1) спецификација (благајнички извештај) за количините на лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен продадени и испорачани на одделни домаќинства во периодот за кој се поднесува барањето за регрес. Оваа спецификација содржи податоци за: видот на јагленот, продадените количини, продажната цена по единица на мерка и за вкупната количина, намалената цена по единица на мерка и за вкупната количина и за височината на регресот по единица на мерка и за вкупниот износ на регресот.

За лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен продаден на други потрошувачи, корисникот на регресот приложува еден примерок од фактурата за продадените количини на јаглен во кој, покрај називот на потрошувачот, се внесува датумот на продажбата, видот на јагленот, количината, цената по единица на мерка и за вкупната количин, износот на регресот по единица на мерка и за вкупната количина и износот наплатен од потрошувачот;

2) збирна рекапитулација и пресметка на регресот за периодот за кој се поднесува барањето за регрес;

3) изјава на корисникот на регресот дека сите количини на лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен за кои се поднесува барање за регрес се продадени и испорачани во рокот определен во точката 1 став 1 под 1 односно под 2 на Одлуката;

4) налог за задолжување на сметката за давање регрес за лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен за потребите на широката потрошувачка од средствата на народната република и налог за задолжување на сметката за учеството на федерацијата за лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен за потребите на широката потрошувачка.

Корисникот на регресот е должен во своето книговодство да обезбеди уредна евиденција и документација за количините на лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен за кои добива регрес.

6. За количините на лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен што им ги продаваат на своите работници и службеници за потребите на нивните домаќинства рудниците на јаглен остварува́ат регрес од средствата на сојузниот буџет во износ од половината на разликата помеѓу сопствените продажни цени (продажните цени на производителот) и цените по кои го плаќаат домаќинствата јагленот за своите потреби кај претпријатијата што се занимаваат со продажба на лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен во седиштето на рудникот или во најблиското место.

7. Рудниците на јаглен што им продаваат лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен на своите работници и службеници за потребите на нивните домаќинства кон барањето за регрес поднесуваат податоци за продадените количини на јаглен со ознака на квалитетот и асортиманот, за сопствените (производителски) продажни цени и за продажните цени на јаглен од соодветен квалитет и асортиман на претпријатие што се занимава со продажба на јагленот на домаќинства во седиштето на рудникот или во најблиското место.

Кон барањето за регрес рудниците на јаглен приложуваат и фактури односно интерни фактури за извршената продажба во кои, покрај фамилијарното и роденото име на работниците и службениците се внесуваат податоците за продадените количини на јаглен и за цените по единица на мерка и за вкупната количина.

Ако рудник на јаглен им дава на своите работници и службеници јаглен без надоместок, кон барањето за регрес се приложува списокот на работниците и службениците со податоците од ставот 2 на оваа точка.

8. Корисникот на регресот го поднесува барањето за регрес до 20-иот во месецот за претходниот месец.

По исклучок од одредбата на ставот 1 од оваа точка, за количините на јаглен продадени и испорачани во месецот јануари и февруари 1963 година рокот од ставот 1 на оваа точка се смета од првиот ден на наредниот месец во кој се донесени републичките прописи за регресот за јаглен.

9. Кога Службата на општественото книговодство ќе утврди дека барањето за регрес во поглед на пресметката и документацијата е потполно и точно, го одобрува износот на регресот во корист на жиро-сметката на корисникот на регресот а на товар на сметката бр. 630-52 — Учество на федерацијата за лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен за потребите на широката потрошувачка.

10. Службата на општественото книговодство може со цел за контрола да бара од корисникот на регресот поднесување на калкулација за одделни видови лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен за кои не се определени продажните цени, а од рудникот на јаглен — потврда дека работниците и службениците биле запослени во рудникот и потврда од органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за работите на трговијата за цените по кои рудникот го продава лигнитот, мркиот јаглен и брикетот од мрк јаглен и за цените на овие производи по кои трговските претпријатија ги продаваат за широка потрошувачка.

11. Барањето за регрес и пресметката на регресот ги потпишуваат директорот на стопанската организација и шефот на сметководството, односно лицата што се овластени да ги заменуваат.

12. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Упатството за примена на Одлуката за давање регрес при продажбата на огревни материјали за потребите на широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/59) и Наредбата за височината на маржата што може да се засмета во основицата за регрес при продажбата на огревни материјали за потребите на широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/59).

13. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 571/1
16 февруари 1963 година
Белград

Секретар
за трговија и туризам,
**Марјан Брецељ**, с. р.

---

**86.**

Врз основа на членот 70 став 1 точка 5 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/59, 9/60, 19/60, 13/61, 27/61, 6/62, 16/62 и 4/63), во согласност со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за земјоделство и шумарство, Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за трговија и туризам издава

## НАРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ИСПОРАКА НА ТУТУН

1. Во Наредбата за склучување договори за производство и испорака на тутун („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/62) во точката 3 се додава нов став 2, кој гласи:

„Одредбите од точката 2 на оваа наредба се однесуваат и на земјоделските задруги кога склучуваат договори за производство и испорака на тутун во свое име и за своја сметка."

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 641
2 февруари 1963 година
Белград

Секретар
за трговија и туризам,
**Марјан Брецељ**, с. р.

---

**87.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ОБОЕНИТЕ МЕТАЛИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Алуминиум и алуминиумски легури — блокови — — — — — JUS C.C2.301

Легури на леснотопливи тешки метали. Дефиниции на поимите, називите и класификациите — — — JUS C.E0.001

Легури на леснотопливи тешки метали. Означување — — — — JUS C.E0.002

Рафинирано олово во блок — — JUS C.E1.030

Олово и оловни легури за плаштеви на електрични кабли — — — JUS C.E1.040

Цинкови легури за леење — — JUS C.E1.050

Лежишни легури врз база на калај или олово — состав, особини и примена — — — — — — — JUS C.E1.100

Рафиниран антимон во блок — JUS C.E1.200

Кадмиум во блок и во други сурови форми — — — — — — — JUS C.E1.300

Оловен лим. Технички услови за изработка и испорака — — — — JUS C.E4.030

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1963 година.

Бр. 05-835
6 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовић**, с. р.

---

**88.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЦЕВНИ ЗАТВОРАЧИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Цевни затворачи. Затворачи за општи цели Дефиниции, заеднички одредби — — — — — — — — JUS M.C5.600

Цевни затворачи за општи цели. Сплескани затворачи од сив лив со прирабници (изработка А, В и С). Главни надворешни мери и приклучни мери — — — — — — — — JUS M.C5.620

Цевни затворачи за општи цели. Сплескани затворачи од бронза со прирабнини (изработка D). Главни надворешни мери и приклучни мери JUS M.C5.621

Цевни затворачи за општи цели. Сплескани затворачи од челичен лив или челик со прирабници (изработка Е, F и G). Главни надворешни мери и приклучни мери — — — — — JUS M.C5.622

Цевни затворачи за општи цели. Овални затворачи од сив лив со прирабници (изработка А, В и С). Главни надворешни мери и приклучни мери JUS M.C5.640

Цевни затворачи за општи цели. Овални затворачи од челичен лив или челик, со прирабници (изработка Е, F и G). Главни надворешни мери и приклучни мери — — — — — JUS M.C5.641

Цевни затворачи за општи цели. Тркалести затворачи од сив лив, со прирабници (изработка А, В и С). Главни надворешни мери и приклучни мери — — — — — — — — JUS M.C5.660

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1963 година.

Бр. 11-836
6 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовић**, с. р.

---

**89.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО И ПРЕРАБОТКАТА НА НАФТА И МЕТОДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА НАФТИНИТЕ ПРОИЗВОДИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Гориво за млазни мотори. Тип 1 (GM-1) JUS B.H2.331

Гориво за млазни мотори. Тип 4 (GM-4) JUS B.H2.334

Методи за испитување на горивото за млазни мотори — — — — — JUS B.H8.020

Испитување на течни нафтини горива. Земање мостри — — — JUS B.H8.115

Испитување на течни нафтини гасови. Оглед на отпарувањето на пропан-бутан смесата — — — JUS B.H8.117

Испитување на течни нафтини гасови. Определување на притисокот на парата — — — — — — JUS B.H8.121

2 Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 мај 1963 година.

Бр. 22-1055
9 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовић**, с. р.

---

**90.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО И ПРЕРАБОТКАТА НА НАФТА И НАФТИНИ ДЕРИВАТИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Хидраулично масло, екстра-екстра лесно (HU-EEL) — — — — JUS B.H3.120

Хидраулично масло, екстра лесно (HU-EL) — — — — — — — JUS B.H3.121

Хидраулично масло, многу лесно (HU-VL) — — — — — — — JUS B.H3.123

Хидраулично масло, лесно (HU-L) JUS B.H3.124

Хидраулично масло, средно (HU-S) JUS B.H3.125

Хидраулично масло, тешко (HU-T) JUS B.H3.126

Хидраулично масло, многу тешко (HU-VT) — —, — — — — — JUS B.H3.127

Хидраулично масло, особено тешко (HU-NT) — — — — — — JUS B.H3.128

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 мај 1963 година.

Бр. 22-841
7 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

---

**91.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ТЕЧНИТЕ НАФТИНИ ГАСОВИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Испитување на течни нафтини гасови. Определување на релативната густина со ареометар — — — JUS B.H8.116

Испитување на течни нафтини гасови. Определување содржината на масло и смола и квалитативно испитување на присуството на амонијак, вода и алкалии — — JUS B.H8.118

Испитување на течни нафтини гасови. Определување на корозивноста JUS B.H8.119

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 мај 1963 година.

Бр. 08-843
7 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**92.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА РАДИО-ТЕХНИКАТА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Звучници. Општи технички прописи — — — — — — — — JUS N.R6.020

Мембрани за звучници. Општи технички прописи — — — — — JUS N.R6.021

Центратори за звучници. Општи технички прописи — — — — — JUS N.R6.022

Магнетни системи за звучници. Општи технички прописи — — — JUS N.R6.023

Звучници. Основни мери — — JUS N.R6.026

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 мај 1963 година.

Бр. 23-1052
9 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

---

**93.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ОД ОБЛАСТА НА ИСПИТУВАЊЕТО НА САПУНИ И САПУНСКИ ПРАШОЦИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува следниот југословенски стандард:

Земање мостри и методи за испитување на сапуни и сапунски прашоци — — — — — — — — JUS H.E8.020

2. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 мај 1963 година.

Бр. 08-1054
9 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**94.**

Врз основа на членот 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА СТАВАЊЕ ВОН СИЛА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА

1. Југословенските стандарди:

Тешка конфекција. Женско палто рамно, поставено. Големини и начин на изработка — — — — JUS F.G1.201

Тешка конфекција. Моминско палто рамно, поставено. Големини и начин на изработка — — — — JUS F.G1.231

Тешка конфекција. Палто за деца женско, поставено. Големини и начин на изработка — — — JUS F.G1.261

Полутешка конфекција. Женски работен мантил: Големини и начин на изработка — — — — — JUS F.G1.381

донесени со Решението за југословенските стандарди од областа на текстилната индустрија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/59) престануваат да важат.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 20-10-846/1
8 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**инж. Славољуб Виторовиќ, с. р.**

---

**95.**

Врз основа на членот 6 став 4 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/62, 16/62, 42/62 и 4/63), во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите, Управата за царини издава

## НАРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ПРОЦЕНУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СТОКИТЕ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТОТ НА ИСТРОШЕНОСТА НА СТОКИТЕ

1. Во Наредбата за постапката за проценување на вредноста на стоките и за утврдување на процентот на истрошеноста на стоките („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/62) во точката 2 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од одредбите на ст. 1 и 2 од оваа точка, царинската основица за стоките што домашни патници ги внесуваат со себеси од странство ја утврдува службеникот на царинарницата што врши преглед на тие стоки иако малопродажната цена на одделни предмети е повисока од 10.000 динари."

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 4560/1
13 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Управата за царини,
**Никола Кмезиќ, с. р.**

**96.**

Врз основа на членот 133 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/59), Управата за царини пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА СО СТОКИТЕ ШТО ГИ НОСАТ СО СЕБЕСИ ДОМАШНИ ПАТНИЦИ ПРИ ЗАМИНУВАЊЕТО ВО СТРАНСТВО И ПРИ ВРАЌАЊЕТО ОД СТРАНСТВО

#### I. Пријавување на стоките

1. При заминувањето во странство југословенски или странски државјанин што има живеалиште во Југославија (во понатамошниот текст: домашен патник) е должен усно да ѝ ги пријави и покаже на излезната царинарница предметите и личниот багаж, девизите и валутите што ги изнесува.

Ако домашен патник при заминувањето во странство изнесува со себеси како личен багаж фотографски апарат, пишувачка машина, магнетофон и слични предмети што не претставуваат предмети на лична гардероба, излезната царинарница ќе ги запише таквите предмети во патната исправа на патникот, освен ако се тие предмети од домашно производство.

2. Домашен патник што доаѓа од странство е должен стоките што ги носи со себеси да ѝ ги пријави на влезната царинарница усно, а стоките што се царинат според одредбите од главата IV на ова упатство — и писмено.

3. Обврските од точ. 1 и 2 на ова упатство важат и за членовите на посадата на домашни бродови, воздухоплови и други превозни средства што сообраќат со странство.

4. Царинењето на стоките што ги внесол домашен патник од странство го врши царинарницата на која ѝ ги пријавил патникот стоките.

#### II. Одобрување на повластицата според членот 13 точка 2 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа

5. Ако вредноста на стоките што ќе ги внесе домашен патник при враќањето од странство не го преминува износот од 30.000 динари, а според видот и количината очигледно се наменети за лични потреби на патникот и на неговото домаќинство, царинарницата за тие стоки, ако патникот ги исполнува и другите услови за користење на оваа повластица, нема да испоставува писмена исправа туку стоките ќе му ги стави веднаш на патникот на слободно располагање. Во тој случај, царинарницата, на начинот од точката 11 на Упатството за спроведување на Уредбата за Привремената општа царинска тарифа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/63), во патната исправа на домашниот патник ќе стави забелешка дека ја користил повластицата од членот 13 точка 2 на Уредбата за Привремената општа царинска тарифа — „Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/62, 16/62, 42/62 и 4/63 (во понатамошниот текст: Уредбата) во соодветната календарска година.

Повластицата од членот 13 точка 2 на Уредбата може да се користи само еднаш годишно. Царинарницата при утврдувањето дали домашен патник има право на таа повластица ќе установи од патната исправа на патникот дали ја користил повластицата во соодветната календарска година.

6. Ако вредноста на стоките што домашен патник ги пријавил при враќањето од странство не го преминува износот од 30.000 динари, но со оглед на видот и количината е очигледно дека тие стоки во целина или делумно не се наменети за потребите на патникот и неговото домаќинство, царинарницата ќе му ја одобри на патникот повластицата од членот 13 точка 2 на Уредбата само за оној дел од стоките што го внесува за свои потреби и за потребите на своето домаќинство. Другиот дел од стоките ќе се царини според одредбите од главата IV на ова упатство.

### III. Царинење според царинската патничка декларација

7 Царинењето на стоките што домашен патник ги внесува со себеси од страство а на кои се применува единствената царинска норма од членот 10б на Уредбата се врши според царинската патничка декларација (во понатамошниот текст: патничката декларација).

Патничката декларација ја пополнува царинскиот службеник што врши преглед на патниковите предмети. Во патничката декларација, покрај другото, се запишуваат: фамилијарното и роденото име на патникот, неговата полна адреса, податоците за пријавените стоки, дали стоките се употребувани или се нови, процентот на истрошеноста на стоките ако се тие употребувани, вкупната вредност на запишаните стоки и вкупниот износ на увозните давачки што е должен да ги плати патникот.

Образецот на патничката декларација е напечатен кон ова упатство и негов е составен дел. Обрасците на патничката декларација се печатат во блокови од по 100 парчиња. Паровите на декларациите едноподруго во секој блок се означени со исти редни броеви.

8. Патничката декларација се пополнува во два примерка со употреба на индиго. Податоците во патничката декларација ги запишува царинскиот службеник врз основа на наодот утврден со преглед на пријавените стоки.

Вредноста на пријавените стоки се утврдува врз основа на Листата на вредностите на стоките за примена на Привремената општа царинска тарифа, за стоките што граѓаните ги увезуваат односно внесуваат од странство — „Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/62 (во понатамошниот текст: Листата на вредностите). Ако во Листата на вредностите не е пропишана вредноста на стоките, царинскиот службеник што врши преглед на стоките ја утврдува вредноста на стоките врз основа на малопродажните цени на стоките на домашниот пазар, намалени за 20%.

Износот на царината се пресметува со примена на единствената царинска норма врз вкупната вредност на пријавените стоки на кои се плаќа царина. Покрај царина, домашен патник е должен да плати и посебна давачка за царинско евидентирање, како и такси пропишани со Законот за административните такси („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/59, 23/61 и 53/62).

9. Домашен патник е должен да се изјасни дали се сложува со наодот на царинскиот службеник во поглед на количината, видот, квалитетот и вредноста на стоките, како и во поглед на вкупниот износ на увозните давачки за тие стоки.

Ако домашен патник се сложи со наодот на царинскиот службеник, ќе ја потпише на обата примерка од патничката декларација обврската дека во определениот рок ќе го плати пресметаниот вкупен износ на увозните давачки. По потписот на патничката декларација, царинскиот службеник му врачува еден примерок од патничката декларација на патникот и му ги предава стоките кои од тој момент престануваат да бидат под царински надзор.

Ако домашен патник не се сложи со наодот на царинскиот службеник што вршел преглед на стоките, со стоките ќе се постапи според одредбите од главата IV на ова упатство.

Домашен патник е должен да го уплати износот на пресметаните увозни давачки во рок од 8 дена од денот на врачувањето на патничката декларација.

10. Кога домашен патник ќе го уплати вкупниот износ на увозните давачки според патничката декларација, царинарницата ќе го прокнижи наплатениот износ во приходната книга и на патничката декларација ќе го запише бројот под кој приходот според таа декларација е укнижен. Добиениот исечок од чекот односно поштенските уплатници царинарницата ќе ги спои со патничката декларација на која се однесува извештајот за уплатата.

Блоковите на патничките декларации царинарницата ги чува како парични документи.

11. Членовите на посадата на југословенските бродови и воздухоплови што сообраќаат со странство се должни веднаш да ги платат вкупните увозни давачки на стоките што ги внесле со себеси од странство и кои се оцаринети според патничките декларации. Во противно, царинарницата ќе ги задржи пријавените стоки и со нив ќе постапува понатаму според одредбите од чл. 121 до 126 на Царинскиот закон.

Ако пријавените стоки бидат задржани според ставот 1 од оваа точка, царинарницата ќе му издаде на лицето чии стоки се задржани потврда за тоа.

### IV. Царинење според царинската патничка пријава

12. Ако домашен патник при враќањето од странство внесува со собеси стоки на кои се применува единствената царинска норма од членот 10б на Уредбата, е должен за таквите стоки на влезната царинарница да ѝ поднесе царинска патничка пријава (во понатамошниот текст: патничката пријава).

13. Патничката пријава ја пополнува домашен патник во два примерка со пишувачка машина, мастило или мастилен молив. Пријавата мора да биде пополнета четливо, без бришења и прецртувања.

Во патничката пријава се запишуваат податоци за видот и количината на стоките, како и ознаките што евентуално ги имаат стоките. Видот на стоките се запишува според вообичаените трговски називи, а количината во единици на мера што се употребуваат во прометот за такви стоки (килограм, метар, литар, парче, рало итн.). На пример, за текстилни стоки треба да се означи дали се волнени, памучни, ленени, од природна или вештачка свила и слично, со податоци за должината во метри и тежината во килограми. За машини, апарати и слични предмети треба да се наведе фабричката марка и број, како и другите карактеристични ознаки (за радио-апарати — број на ламбите, за телевизиски апарати — димензии на екранот, за фотографски апарати — оптички податоци за леќата итн.).

Ако во патничката пријава нема достаточно простор за запишување на сите стоки, домашниот патник ќе го доврши запишувањето на стоките на посебен лист хартија, во два примерка. Патникот го питпишува и тој дел на списокот на стоките и тој се смета за составен дел од патничката пријава.

Патничката пријава е образец во бела боја, обележен со црвена напречна линија во горниот лев агол. Овој образец го пропишува Управата за царини.

14. Ако домашен патник внесува од странство стоки што се употребувани, е должен во патничката пријава, покрај податоците за стоките во смисла на точката 13 од ова упатство, да го назначи и процентот на нивната истрошеност. Ако царинскиот службеник што врши преглед на стоките го оспори тој податок, а патникот не се сложи со наодот на царинскиот службеник и не изврши соодветна измена во патничката пријава, патникот ќе ѝ ги предаде таквите стоки на влезната царинарница заради комисиско утврдување на процентот на истрошеноста на стоките. Ако патникот се сложил со наодот на царинскиот службеник, ќе го потврди тоа со свој потпис врз пријавата.

15. Кога влезната царинарница со преглед ќе утврди дека податоците од патничката пријава се сложуваат со фактичната состојба на стоките што ги внесува домашен патник, ги заверува обата примерка од пријавата со свој печат и потписот од службеникот што извршил преглед на стоките.

На определено место во патничката пријава домашен патник потпишува обврска дека стоките ќе ѝ ги предаде на царинарницата ако во рокот од точката 19 на ова упатство не ги уплати увозните давачки, односно не поднесе приговор.

16. Влезната царинарница ги задржува обата примерка од заверената патничка пријава заради понатамошна постапка во смисла на одредбите од

ова упатство, а стоките му ги остава на домашниот патник на чување до уплатата на вкупните увозни давачки.

17. На долниот дел од патничката пријава влезната царинарница става отисок од штембилот со следна содржина:

Број на контролникот на царинските патнички пријави

Претсметка на увозните давачки:
Царина
Данок на промет
Посебна давачка за царинско евидентирање
Такса од Т. бр. од ЗАТ
Образец
Поштенски трошоци—
Вкупно динари)
И со букви:

Број на приходната книга

По ставањето на отисокот од штембилот влезната царинарница ќе ја заведе патничката пријава во контролникот на царинските патнички пријави. Потоа царинарница ќе ги пресмета вкупните увозни давачки и во рок од два дена ќе му упати на домашниот патник, препорачано, со повратен рецепис, еден примерок од патничката пријава врз која е пресметан вкупниот износ на увозните давачки, заедно со чековната уплатница.

Царинарницата ќе ги наплати од домашен патник издатоците во врска со отпремата на патничката пријава и чековната уплатница, како и определената цена за обата примерка од патничката пријава.

18. Ако при пресметувањето на увозните давачки за стоките, што во смисла на точката 16 од ова упатство му се оставени на домашен патник на чување, се утврди дека патникот во патничката пријава не ги навел сите податоци за стоките, како основица за пресметување на увозните давачки ќе се земе најголемата вредност за односниот вид стоки од Листата на вредностите, односно со проценка ќе се утврдува вредноста на најскупите стоки од таков вид.

Одредбата од ставот 1 на оваа точка не навлегува во правата на патникот од точката 20 на ова упатство.

19. Домашен патник е должен да го уплати вкупниот износ на увозните давачки и на другите трошоци во рок од осум дена од денот на доставувањето на патничката пријава и чековната уплатница. Ако патникот во тој рок не го уплати износот на кој гласи чековната уплатница, а не поднесе приговор на пресметаните давачки, е должен стоките заедно со доставениот примерок од патничката пријава да ѝ ги предаде односно упати на царинарницата што му ги доставила.

Царинарницата на која ѝ се предадени стоките во смисла на ставот 1 од оваа точка ќе постапи со нив како со стоки на кои рокот на лежењето им истекол.

20. Ако домашен патник смета дека при пресметувањето на увозните давачки е земена поголема вредност на стоките или дека неправилно е применета тарифата, има право на приговор до царинарницата што го извршила пресметувањето, и тоа во рок од осум дена од денот на приемот на патничката пријава. Кон приговорот се приложува и патничката пријава.

Во врска со приговорот од ставот 1 на оваа точка царинарницата донесува решение согласно членот 67 став 4 од Царинскиот закон. Ако е приговорот основан царинарницата во обата примерка од патничката пријава ќе изврши потребни исправки и еден примерок од исправената пријава ќе му достави на подносителот на приговорот со нова чековна уплатница.

21. Контролникот на царинските патнички пријави ги содржи следните рубрики: реден број, фамилијарно и родено име на домашниот патник, адреса на патникот, ден кога на патникот му е испратена патничката пријава со една чековна уплатница, број на приходната книга под кој наплатениот износ според пријавата е прокнижен и забелешка.

### V. Други одредби

22. Со стоките чиј увоз е забранет, а што ги пријавил домашен патник, ќе се постапи според членот 131 од Царинскиот закон.

23. Ако, со оглед на количината, видот и вредноста на стоките што ги внесува домашен патник во железничкиот сообраќај од странство, царински преглед на стоките не може да се изврши за време на задржувањето на возот во гранична железничка станица, а царинарницата не може да организира вршење преглед за време на движењето на возот во смисла на членот 137 од Правилникот за спроведување на Царинскиот закон („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/60), таа може да му наложи на патникот да ги истовари стоките и да ѝ ги предаде на царинарницата според општите прописи за пријавување и предавање на увезените стоки (член 45 од Царинскиот закон).

24. Против домашен патник што стоките не ги пријави до моментот кога овластениот царински службеник го повикал да ги покаже предметите и личниот багаж, царинарницата ќе поведе административно-казнена постапка поради прекршок од членот 152 на Царинскиот закон, а ако непријавените стоки биле и скриени поради прекршок од членот 151 точка 2 на тој закон.

25. Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престануваат да важат одредбите од Упатството за царинската постапка со стоките што ги носат патниците со себеси („Службен лист на ФНРЈ", бр. 21/61) кои се однесуваат на домашни патници.

26. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 3680/1
6 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Управата за царини,
**Никола Кмезиќ**, с. р.

(формат 148×210 mm)

## ЦАРИНСКА ПАТНИЧКА ДЕКЛАРАЦИЈА

Презиме и име
место на живеењето
точна адреса
број на патната исправа
издадена од СВР на Н.О.

| Стоки што се царинат според чл. 10б од Уредбата за П.О.Ц.Т. по нормата од 40% | Вредност |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |

Вкупно:
Царина 40%
Пос. давач. за цар. ев. 2%
Такса (Т. бр. 74 и 75)
Образец
Вкупно давачки:
и со букви

Се сложувам со наодот на царинарницата и се обврзувам дека ќе ги уплатам пресметаните давачки во рок од 8 дена на текуштата сметка на царинарницата _____ бр. _____

Датум _____

_____

(место)

Подносител на декларацијата,

_____

Прегледот на стоките го извршил,

_____

(МП)

_____

**97.**

Врз основа на членот 143 од Царинскиот закон („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/59), во согласност со сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите, Управата за царини пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ЦАРИНСКИОТ НАДЗОР НАД СТОКИТЕ ВО КОНСИГНАЦИОНЕН ЛАГЕР И ЗА ЦАРИНЕЊЕТО НА ТАКВИТЕ СТОКИ

1. Во Упатството за царинскиот надзор над стоките во консигнационен лагер и за царинењето на таквите стоки („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/63) по точката 22 се додава нова точка 22а), која гласи:

„22а. Држателите на консигнациони лагери се должни до 30 јуни 1963 година да ја пренесат во картотеката на слободните листови, според образецот пропишан со ова упатство, состојбата на стоките што се сместени во консигнационен лагер пред 15 февруари 1963 година.

За пренесувањето извршено според одредбата од ставот 1 на оваа точка, држателот на консигнационен лагер е должен да ја извести надлежната царинарница која ќе изврши контрола на правилноста на пренесувањето."

2. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 4562
13 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Управата за царини,
**Никола Кмезиќ, с. р.**

**98.**

Врз основа на членот 68 став 2, во врска со чл. 28 и 54 од Основниот закон за заштита на растенијата од болести и штетници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/54 и 52/61), Сојузната управа за заштита на растенијата пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ВРШЕЊЕ ИЗВЕШТАЈНА СЛУЖБА ЗА РАСТЕНИСКИТЕ БОЛЕСТИ И ШТЕТНИЦИ

1. Извештајната служба за растениските болести и штетници ја вршат органите на управата на општинските народни одбори, околиските народни одбори и републичките органи на управата надлежни за работите за заштита на растенијата.

Сојузната управа за заштита на растенијата ја обединува и усогласува извештајната служба за растениските болести и штетници на територијата на Југославија.

2. Извештајната служба се состои од:

1) следење појавата и распространетоста на растениските болести и штетници на земјоделски, шумски, украсни и други растенија — на терен и во складови, и од собирање и средување на податоците за тоа;

2) собирање и средување на податоците за големината на штетата предизвикана од растениските болести и штетници;

3) давање стручни упатства за спречување и сузбивање на растениските болести и штетници;

4) објавување на извештај за појавата на растениски болести и штетници.

3. Појавата и распространетоста на опасните и други растениски болести и штетници се следат:

**1) На земјоделските растенија:**

*а) Болести*

Alternaria — црна дамчавост по компирот и црвениот патлиџан (Alternaria solani Sorauer)

Гламница — по пченицата, овесот и јачменот (Ustilago spp.)

Гламница на кромидот (Urocystis cepulae Frost.)

Гламница по пченицата (Tilletia spp.)

Дамчавост по лисјето од шеќерна репка (Cercospora beticola Sacc.)

Пепелница по виновата лоза (Uncinula necator (Schw. Burr.)

Пепелница по пченицата (Erysiphe graminis D. C.)

Пепелава дамчавост по пченката (Helminthosporium turcicum Pass.)

Пламеница по виновата лоза (Plasmopara viticola Berlese et de Toni)

Пламеница по тутунот (Peronospora tabacina Adam.)

Пламеница по компирот (Phytophthora infestans (Mont) de Bary)

Пламеница по сливите (Polystigma rubrum (Pers.) D. C.)

Правлива краставост по компирот (Spongospora subterranea (Wallr.) Johnson)

Рак по коренот на овошките (Bacterium tumefaciens Smith et Townsend)

'Рѓа по пченицата — кафеавоцрвена и црна (Puccinia triticina Erikss i Puccinia graminis Pers.)

'Рѓа по сливата (Puccinia pruni — spinosae Pers.)

Шарка по сливата (Prunus virus 7 Holmes)

Саѓлива краставост по јаболката и крушата (Venturia inaequalis (Cooke) Aderh. i Venturia pirina Aderh.)

*б) Штетници*

Праскин смотавец (Cydia molesta Busck.)

Овошна мува (Ceratitis capitata Wied.)

Пепелав гроздов молец (Polychrosis botrana Schiffm.)

Губар (Lymantria dispar 1.)

Гундели (Melolontha spp.)

Дудовец (Hyphantria cunea Drury)

Жижци — клисњаци (Elateridae)

Жолтомешка-златозадна (Euproctis chrysorrhoea L.)

Јаболков молец (Hyponomeuta malinellus Zell.)

Јаболков смотавец (црв) (Carpocapsa pomonella L.)

Јаболков цутојад (Antonomus pomorum L.)

Калифорниска штитоносна вошка (Aspidiotus perniciosus Comst.)

Компиров молец (Phthorimea operculella Zell.)

Компирова златица (Doryphora (Leptinotarsa) decemlineata Say.)

Пченкарен пламенец (Pyrausta nubilalis Hbn.)

Памуков молец (Pectinophora gossypiella Saund.)

Репкина пипа (Cleonus punctiventris Germ.)

Скакулци — италијански и марокански (Calliptamus italicus L. i Stauronotus maroccanus Thumb.)

Совици (Noctuidae)

Сливови оси (Homplocampa spp.)

Сливова штитоносна вошка (Lecanium corni Bouchè)

**2) На шумските растенија:**

*а) Болести*

Мастилена болест по костенот (Phytophtora cambivora Buiss.)

Рак по костеновата кора (Endothia parasitica Murr.)

Рак по тополата (Dothichiza populea Sacc.)

'Рѓа по боровите четини (Cronartium ribicola Dietrich)

Осипање на боровите четини (Lophodermium pinastri Schrad.)

*б) Штетници*

Борови оси (Diprion pini i Diprion sertifer Geoffr.)

Голема тополова бубалка листара (Melasoma populi L.)

Губар (Lymantria dispar 1.)

Гундели (Melolontha melolontha L. i Melolontha hippocastani L.)

Дудовец (Hyphantria cunea Drury)

Жолтомешка-златозадна (Euproctis shrysorrhoea L.)

Литијаш — четник боров (Thaumatopoea pityacampa Schiff.)

Литијаш — четник дабов (Thaumatopoea processionea L.)

Мал боров сурлаш (Pissodes notatus P.)

Мала тополова стрижибуба (Saperda populnea L.)

Мал тополов стаклокрилец (Sciapteron tabaniformis Rott.)

Нона — дувна (Lumantria monacha L.)

Поткорници борови (Ips acuminatus Gyll. i Ips sexdentatus Boern.)

Поткорници елини (Ips curvidens Germ. i Gryphalus piceae Rtzb.)

Поткорници смрекини (Ips typographus L. i Pityogenes shalcographus i dr.)

Свиткувачи борови (Evetria buoliana Schriff i Evetria turionema Hb.)

Свиткувач дабов (Tortrix viridana)

**3) Во поглед на земјоделски и шумски растенија:**

*Штетни глодачи*

Ровка водена (Arvicola terestris L.)

Ровка полска (Microtus arvalis Pall.)

Елен (Cervus elaphus L.)

Глушец хумкаш (Mus musculus hortulanus Nordm.)

Полски зајак (Lepus europeus Pall.)

Срна (Capreolus capreolus L.)

'Рчак (Cricetus cricetus L.)

Покрај следењето на појавите и распространетоста на растениските болести и штетници од ставот 1 на оваа точка, треба да се следат појавите и распространетоста и на другите болести и штетници што можат да му сторат значителна штета на земјоделството и шумарството на одделни подрачја.

4. Органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за работите на заштитата на растенијата организира собирање на податоците за појавата и распространетоста на растениските болести и штетници на своето подрачје.

Податоците собрани на теренот органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за работите на заштитата на растенијата ги средува и му ги доставува на органот на управата на околискиот народен одбор надлежен за работите на заштитата на растенијата до 5-иот ден во месецот за изминатиот месец — на образецот бр. 1 за земјоделските растенија, а на образецот бр. 2 за шумските растенија.

5. Органот на управата на околискиот народен одбор надлежен за работите на заштитата на растенијата ги средува извештаите за појавата и распространетоста на растениските болести и штетници примени од органите на управата на општинските народни одбори надлежни за работите на заштитата на растенијата и му доставува збирен извештај на републичкиот орган на управата надлежен за работите на заштитата на растенијата до 10-иот ден во месецот за изминатиот месец — на образецот бр. 1 за земјоделските растенија, а на образецот бр. 2 за шумските растенија.

За растениските болести и штетници за кои доставува извештај, органот на управата на околискиот народен одбор надлежен за работите на заштитата на растенијата води картотека на образецот бр. 3.

6. Републичкиот орган на управата надлежен за работите на заштитата на растенијата ги собира и средува примените извештаи и на Сојузната управа за заштита на растенијата ѝ доставува збирни извештаи два пати годишно, за првото полгодиште до 31 јули, а за второто полгодиште до 31 јануари следната година, на образците бр. 1 и 2. Кон извештајот тој доставува и исцрпен писмен извештај за појавата и распространетоста на болестите и штетниците по земјоделските и шумските растенија.

7. Исклучително од одредбата на точката 4 став 2, точката 5 став 1 и точката 6 од ова упатство, републичкиот орган на управата надлежен за работите на заштитата на растенијата или Сојузната управа за заштита на растенијата може, ако е во прашање појава на опасни растенски болести или штетници, посилна појава или распространетост на други растенски болести или пренамноженост на растенски штетници, да определи друг начин и рок за доставување на извештаите.

8. Финансиските средства за вршење на работите на извештајната служба се должни да ги обезбедат органите од точката 1 на ова упатство.

9. Органите на управата на општинските и околиските народни одбори надлежен за работите на заштитата на растенијата можат вршењето на извештајната служба спогодбено со земјоделските станици и со станиците за заштита на растенијата да им го доверат на тие станици, а републичките органи на управата надлежни за работите на заштитата на растенијата можат спогодбено со научните установи на своите територии да им го доверат вршењето на таа служба на тие установи. Органот на управата надлежен за работите на заштитата на растенијата е должен да ѝ обезбеди потребни финансиски средства за вршење на извештајната служба на станицата односно установата врз која го пренесол вршењето на таа служба.

10. Образците бр. 1, 2 и 3, пропишани со ова упатство, се напечатени кон ова упатство и негов се составен дел.

11. Ова упатство влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 01-408/1
5 февруари 1963 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за заштита
на растенијата,
инж. **Србољуб Тодоровиќ**, с. р.

НАРОДЕН ОДБОР НА општината / околијата _____

Образец бр. 1
(формат 210 × 297 mm)

Известувач _____

ИЗВЕШТАЈНА СЛУЖБА ЗА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ РАСТЕНИЈА

месец _____ 196__ година

| Назив на растениската болест или штетник | Место на појавата | Нападнато | | Штета во проценти | Мерки за сузбивање |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ha | стебла | | |
| **Штетници што напаѓаат повеќе култури** | | | | | |
| Гунделови ларви (Melolontha sp.) | | | | | |
| Жижци — Клисњаци (Elateridae) | | | | | |
| Совици (Noctuidae) | | | | | |
| Овошна мува (C. capitata) | | | | | |
| Дудовец (H. cunea) | | | | | |
| Губар (L. dispar) | | | | | |
| Скакулци (C. italicus i S. maroccanus) | | | | | |
| **Болести и штетници по житото** | | | | | |
| Гламница по пченицата, јачменот и овесот (Ustilago spp.) | | | | | |
| Главница по пшеницата (Tilletia spp.) | | | | | |
| 'Рѓа по пшеницата: кафеавоцрвена и црна (P. triticina i P. graminis) | | | | | |
| Пепелава дамчавост по пченката (H. turcicum) | | | | | |
| Пченкарен пламенец (P. nubilalis) | | | | | |

| Назив на растениската болест или штетник | Место на појавата | Нападнато | | Штета во проценти | Мерки за сузбивање |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ha | стебла | | |
| **Болести и штетници на индустриските растенија** | | | | | |
| Дамчавост по лисјето од шеќерна репка (C. beticola) | | | | | |
| Репкина пипа (C. punctiventris) | | | | | |
| Пламеница по тутунот (P. tabacina) | | | | | |
| | | | | | |
| **Болести и штетници на зеленчукот** | | | | | |
| Пламеница по компирот (Ph. infestans) | | | | | |
| Правлива краставост по компирот (S. subterranea) | | | | | |
| Алтернарија по компирот и патлиџанот (A. solani) | | | | | |
| Компирова златица (D. decemlineata) | | | | | |
| Компиров молец (Ph. operculella) | | | | | |
| Гламница на кромидот (U. cepulae) | | | | | |
| | | | | | |
| **Штетни глодачи** | | | | | |
| Ровха полска (M. arvalis) | | | | | |
| Полски зајак (L. europeus) | | | | | |
| 'Рчак (C. cricetus) | | | | | |
| | | | | | |

| Назив на растениската болест или штетник | Место на појавата | Нападнато | | Штета во проценти | Мерки за сузбивање |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ha | стебла | | |
| **Болести и штетници по овошјето и виновата лоза** | | | | | |
| Праскин смотавац (C. molesta) | | | | | |
| Јаболков смотавац (C. pomonella) | | | | | |
| Јаболков молец (H. malinellus) | | | | | |
| Јаболков цутојад (A. pomorum) | | | | | |
| Калифорниска штитоносна вошка (A. perniciosus) | | | | | |
| Сливови оси (Homplocampa spp.) | | | | | |
| Сливова штитоносна вошка (L. corni) | | | | | |
| 'Рѓа по сливата (P. pruni-spinosae) | | | | | |
| Пламеница по сливите (P. rubrum) | | | | | |
| Шарка по сливата (Prunus virus 7) | | | | | |
| Пламеница по виновата лоза (P. viticola) | | | | | |
| Пепелница по виновата лоза (U. necator) | | | | | |
| Пепелав гроздов молец (P. botrana) | | | | | |
| Рак по коренот на овошките (B. tumefaciens) | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| Назив на растениската болест или штетник | Место на појавата | Нападнато | | Штета во проценти | Мерки за сузбивање |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ha | стебла | | |
| **Други предизвикувачи на штета** | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ

1. При пополнувањето на образецот е потребно претходно да се забележи народниот одбор на општината односно народниот одбор на околијата за кои се даваат податоци и името на известувачот односно земјоделската организација што го доставува извештајот.
2. Во рубриката на колоната: „Назив на растениската болест или штетник“ не треба ништо да се забележува, бидејќи во нив се точно означени болестите и штетниците за кои се собираат податоци.
3. Во рубриката на колоната: „Место на појавата“ се забележуваат точно местата во кои е најдена болест или штетник. За штетниците од одделот „Штетници што напаѓаат повеќе култури“ треба да се означи која култура е нападната.
4. Во рубриката на колоната: „Нападнато хектари — стебла“ се забележува нападнатата површина, во хектари односно бројот на стеблата.
5. Во рубриката на колоната: „Штета во проценти“ треба да се забележи процентот на намалувањето на билките (ако е во прашање напад на репкина пипа или сл.), процентот на оштетеното или уништеното лисје (ако е во прашање напад на губар, дудовец и сл.) или на принос (ако е во прашање напад на пламеница по виновата лоза, дамчавост по лисјето од шеќерна репка, пепелава дамчавост по пченката и сл.). За да биде податокот јасен, треба да се нагласи какво оштетување е во прашање.
6. Во рубриката на колоната: „Мерки за сузбивање“ се забележуваат мерките на заштитата што се спроведени, вкупната површина или бројот на стеблата на кои е извршено сузбивање и начин на третирањето — прскање, запрашување, замаглување, растурање на мамци. Исто така треба да се забележат и механичките мерки за сузбивање.

НАРОДЕН ОДБОР НА општината / околијата _____

Известувач _____

**Образец бр. 2**
(формат 210 × 297 mm)

ИЗВЕШТАЈНА СЛУЖБА ЗА ЗАШТИТА НА ШУМСКИТЕ РАСТЕНИЈА

месец _____ 196 . година

| Назив на растениската болест или штетник | Место на појавата | Нападната површина | Износ на штетата | Мерки за сузбивање |
|---|---|---|---|---|
| **Болести** | | | | |
| Мастилена болест по костенот (Ph. cambivora) | | | | |
| Рак по костеновата кора (E. parasitica) | | | | |
| Рак по тополата (D. populea) | | | | |
| 'Рѓа по боровите четини (C. ribicola) | | | | |
| Осипање на боровите четини (L. pinastri) | | | | |
| **Штетници** | | | | |
| Борови оси (D. pini i D. sertifer) | | | | |
| Голема тополова бубалка листара (M. populi) | | | | |
| Губари (L. dispar) | | | | |
| Гундели (M. melolontha i M. hippocastani) | | | | |
| Дудовец (H. cunea) | | | | |
| Жолтомешка (E. chrysorrhoea) | | | | |
| Литијаш — четник боров (Th. pityocampa) | | | | |
| Литијаш — четник дабов (Th. processionea) | | | | |
| Мал боров сурлаш (P. notatus) | | | | |
| Мала тополова стрижибуба (S. populnea) | | | | |
| Мал тополов ст клокрилец (S. tabaniformis) | | | | |
| Нона — дувна (L. monacha) | | | | |
| Поткорници борови (I. acuminatus i I. sexdentatus) | | | | |
| Поткорници елини (I. curvidens i G. piceae) | | | | |
| Поткорници смрекини (I. typographus i P. chalcographus) | | | | |
| Свиткувачи борови (E. buoliana i E. turionema) | | | | |
| Свиткувач дабов (T. viridana) | | | | |

| Назив на растениската болест или штетник | Место на појавата | Нападната површина | Износ на штетата | Мерки за сузбивање |
|---|---|---|---|---|
| **Штетни глодачи** | | | | |
| Ровка водена (A. terestris) | | | | |
| Ровка полска (M. arvalis) | | | | |
| Елен (C. elaphus) | | | | |
| Полски зајак (L. europeus) | | | | |
| Срна (C. capreolus) | | | | |
| | | | | |
| **Други болести и штетници** | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

| З А Б Е Л Е Ш К А |
|---|
| |

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ

1. При пополнувањето на образецот е потребно претходно да се забележи народниот одбор на општината односно народниот одбор на околијата за кои се даваат податоци и името на известувачот односно шумската организација што го доставува извештајот.
2. Во рубриката на колоната: „Назив на болеста или штетникот“ не треба ништо да се забележува, бидејќи во нив се точно означени болестите и штетниците за кои се собираат податоци.
3. Во рубриката на колоната: „Место на појавата“ се забележуваат народните одбори на општините и шумските комплекси во кои е констатирана појавата на наведената растениска болест или штетник.
4. Во рубриката на колоната: „Нападната површина“ се забележува вкупната нападната површина во хектари.
5. Во рубриката на колоната: „Износ на штетата“ се забележуваат податоците во илјади динари за приближната вредност на предизвиканата штета од одделни болести и штетници, со намалување на прирастот во дрвната маса, со влошување на квалитетот на дрвната маса, со потполно или делумно пропаѓање на културата и др.
6. Во рубриката на колоната: „Мерки за сузбивање“ се забележува посебно површината во хектари за секој метод за сузбивање (на пример: авио-замаглување 1500 ha, замаглување со апарати од на земја 254 ha, прскање 153 ha, механичко сузбивање 2143 ha, и др.)
7. Во одделот „Други болести и штетници“ се забележуваат податоци за појавата на други растениски болести и штетници што предизвикале поголема штета на шумските растенија на односното подрачје, а не се опфатени во овој образец.
8. Во одделот „Забелешка“ се забележуваат податоци за трошоците за сузбивање, количините на потрошените хемиски средства, резултатите на сузбивањето и се изнесува проблематиката на заштитата на шумите.

**Образец бр. 3**
(формат 297 × 210 mm)

БОЛЕСТ — ШТЕТНИК

| Година | Време на појавата | Место на појавата | Нападнати култури | Нападнато | | Штета во проценти | Мерки за сузбивање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ha | стебла | | |
| | | | | | | | |

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 10 од Уредбата за Институтот за општествени науки („Службен лист ФНРЈ", бр. 39/57 и 12/62), во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58, 21/59 и 25/62), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ

I. За членови на Советот на Институтот за општествени науки што ги именува Сојузниот извршен совет се именуваат, и тоа:

1. Киро Глигоров, сојузен државен секретар за работите на финансиите;
2. Лео Матес, директор на Институтот за меѓународна политика и стопанство;
3. Милка Миниќ, директор на Институтот за изучување на работничкото движење;
4. Радослав Ратковиќ, вонреден професор на Висо[illegible] школа за политички науки;
5. [illegible]о Шошкиќ, претседател на Комисијата за идео[illegible]ка работа на ЦК СК на Црна Гора;
6. Предраг Враницки, доцент на Филозофскиот факултет во Загреб и
7. Борис Зихерл, сојузен народен пратеник.

II. Половина од членовите на Советот избира научно-стручниот колектив на Институтот од својата средина.

III. Директорот на Институт е член на Советот според својата положба.

Б. бр. 11
14 февруари 1963 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Александар Ранковиќ**, с. р.

## СОДРЖИНА:

Страна

83. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за стручната спрема на службениците на органите на внатрешните работи — — — — — — — — — — 109
84. Упатство за составување на завршната сметка на општествените инвестициони фондови — — — — — — — — — — 110
85. Наредба за примена на Одлуката за давање регрес за продадените и испорачани количини на огревни материјали за потребите на широката потрошувачка — — 115
86. Наредба за дополнение на Наредбата за склучување договори за производство и испорака на тутун — — — — — — — 116
87. Решение за југословенските стандарди од областа на обоените метали — — — — 116
88. Решение за југословенските стандарди за цевни затворачи — — — — — — — — 117
89. Решение за југословенските стандарди од областа на производството и преработката на нафта и методите за испитување на нафтините производи — — — — — — 117
90. Решение за југословенските стандарди од областа на производството и преработката на нафта и нафтини деривати — — — 117
91. Решение за југословенските стандарди од областа за испитување на течните нафтини гасови — — — — — — — — — 118
92. Решение за југословенските стандарди од областа на радио-техниката — — — — 118
93. Решение за југословенскиот стандард од областа на испитувањето на сапуни и сапунски прашоци — — — — — — — — 118
94. Решение за ставање вон сила на југословенските стандарди од областа на текстилната индустрија — — — — — — — — 119
95. Наредба за дополнение на Наредбата за постапката за проценување на вредноста на стоките и за утврдување на процентот на истрошеноста на стоките — — — — 119
96. Упатство за царинската постапка со стоките што ги носат со себеси домашни патници при заминувањето во странство и при враќањето од странство — — — — 119
97. Упатство за дополнение на Упатството за царинскиот надзор над стоките во консигнационен лагер и за царинењето на таквите стоки — — — — — — — — — 122
98. Упатство за вршење извештајна служба за растенски болести и штетници — — — 122

**Издава Новинска установа „Службен лист на ФНРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓуриќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград**